# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**13.05.2020 год.** **Бр.VIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 52-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 13.05.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 52-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 13.05.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-536/1 од 13.05.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.275/19) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.05.2020 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за давање Согласност на Програмата за подобрување на водоснабдувањето и намалување на загубите на вода за пиење во Општина Крушево за период од 2020 до 2022 година***

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Програмата за подобрување на водоснабдувањето и намалување на загубите на вода за пиење во Општина Крушево за период од 2020 до 2022 година на ЈП „Комуна” Крушево бр.01-112/2 од 07.05.2020 година, донесена од Управниот одбор.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-526/3 од 13.05.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Согласно на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Крушево го издава следното :

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

СЕ ИЗВЕСТУВААТ сите заинтересирани правни и физички лица на Општина Крушево дека Градоначалникот на Општина Крушево донесе Одлука за распишување на

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Крушево за 2020 година**

Сите заинтересирани правни и физички лица во текот на јавниот повик може да доставаат иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од член 7 став (1) точка 2 алинеја 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18).

Предмет на иницијативите може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план со образложение за бараната измена и предлог на плански опфат од подносителот на иницијативата.

Заинтересираните правни и физички лица иницијативите да ги достават во писмена форма преку архивата на Општина Крушево или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 дена од истекот на рокот за поднесување на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Крушево, www. krusevo.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во службеното гласило на општината, во дневен весник на македонски јазик и дневен весник на албански јазик.

Средствата за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите – правни или физички лица.

Јавниот повик ќе трае 33 дена во период од 14.05.2020 година до 15.06.2020 година.
**Бр.09-522/2 од 12.05.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 52-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………………… 1
2. Заклучок за давање Согласност на Програмата за подобрување на водоснабдувањето и намалување на загубите на вода за пење во Општина Крушево за период од 2020 го 2022 година …………….. 1
3. Соопштение-Јавен повик за изготвување на Урбанистички планови за Општина Крушево за 2020 година ……………………………… 1

Редакциски одбор на Општина Крушево.